**Обраќање на министерот за одбрана Владо Мисајловски по повод посета на Постојаниот комитет на Парламентарното Собрание на НАТО на македонското Собрание**

05.04.2025 година, Скопје

Почитувани членови на Парламентарното собрание на НАТО,
Почитувани пратеници во македонското Собрание,
Дами и господа,

И во мое име, како министер за одбрана сакам да ви посакам добредојде во македонскиот законодавен дом, местото каде на 23 декември 1993 година беа удрени темелите на нашата денешна реалност – полноправна членка на најголемиот воено-политички сојуз во историјата на човештвото.

Тука, во овој дом кој е вистински претставник на сите македонски граѓани и нивната идеја и замисла како нашата држава треба да се развива, беше донесена, цитирам, „Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во Северно-атлантската договорна организација – НАТО", одлука која стана наша водилка во децениите кои доаѓаа.

Оттогаш до денес изодевме тежок и трнлив пат. Направивме сериозни реформи, се со една цел, да ги унапредиме демократските права и слободи, а врз основ на човековите вредности. За нас членството во НАТО не претставува само начин да ги одбраниме нашите надворешни граници. За нас, НАТО е единствениот начин како можеме да ги одбраниме нашите заеднички вредности кои ги обликуваат нашите општества и пред се и над се, заради нашата континуирана посветеност за мирот, демократијата и слободите.

Затоа, во домот во кој демократијата е пред сè и над сè, дозволете ми да се осврнам на заедничките вредности, кои не поврзуваат сите 32 земји членки на Алијансата.

НАТО не е само сојуз на демократии, НАТО е идеал кој се темели на тоа дека само ако сме заедно и здружени, можеме да го одбраниме и зацврстиме нашиот начин на живот во кој секој граѓанин е еднаков, а слободите по секоја основа се гарантирани.

Во НАТО, грижата едни за други е повеќе од јасна и видлива и ние тоа го почувствувавме неодамна. Сојузничките земји беа првите кои понудија безрезервна помош и поддршка по трагичниот настан во Кочани кој ја зави целата земја во црно.

Но, тоа кобно утро, кога целата нација беше во шок, првите повици за сочувство, но и солидарност и поддршка дојдоа токму од моите колеги – министри за одбрана од сојузничките земји. А, за мене нема поголем доказ дека не сме сами. Ние имаме 31 сојузник, имаме вистински пријатели на кои можеме да им се обратиме за помош.

Тоа е НАТО. Тоа е сојузништво. Тоа е нераскинливата врска која од 32 земји во Алијансата прави една обединета сила.

Почитувани,

Денес континентот се соочува со еден од најголемите безбедносни предизвици по Втората светска војна. Незамисливото стана реалност која ги стави на тест сите наши претходни ставови. На европско тло имаме агресија на една земја кон друга независна и суверена земја и тоа е недозволиво. Затоа, силата на вредностите и заедништвото денес ни се попотребни од кога било досега. Мораме да се посветиме на изнаоѓање на трајно решение за мир, а, како Алијанса заеднички тоа го можеме и треба да го направиме.

Вложувањето во одбранбените капацитети и структури е круцијален сегмент во насока на одбраната и одвраќањето на целата територија на Алијансата. Досега со нашите одлуки во НАТО и со заедничката посветеност кон силно и стабилно инвестирање во одбраната, успеавме да го одржиме заеднички договореното ниво на инвестиции во одбраната.
Годинава македонскиот одбранбен буџет изнесува 2 проценти од бруто-домашниот производ или околу 329 милиони евра. Од нив високи над 32 проценти одвојуваме за една од најважните ставки – опремувањето и модернизацијата на Армијата со што не ја зацврстуваме само македонската одбрана, туку и колективната одбрана во Алијансата.

Безбедноста на источното крило на НАТО е зацврстена и со македонски придонес. Припадниците на македонската Армијата беа, се и ќе останат дел од мултинационалните сили на Алијансата во Латвија, Бугарија и Романија. Остануваме активни и во нашиот регион – со учество во мисијата на Алијансата на Косово, КФОР, и со учество во операцијата на Европската Унија која е докажан партнер на Алијансата, во Босна и Херцеговина.

На тој начин и ние ја покажуваме нашата вредност како земја која активно придонесува кон нашата заедничка безбедност и стабилност. А без безбедност, едноставно, нема развој.

Почитувани членови на Парламентарното собрание на НАТО,

како тело кое на едно место собира членови на парламентите на сите сојузнички земји, вие ја знаете моќта на заедништвото кое и покрај несогласувањата на некои теми, нè врзува во силата на Вашингтонскиот договор.

Само неколку години по формирањето на НАТО се создаде Парламентарното собрание кое во сите овие изминати години придонесува за одржувањето на демократијата, индивидуалните слободи и владеењето на правото како најсилни принципи на кои почива евро-атлантската идеја.

Почитувани пратеници,
Вие сте еден витален линк помеѓу претставниците на сите 32 парламенти и навистина ви благодарам за сета работа и посветеност во одбраната на заедничките цели и интереси.

Ви благодарам што сте тука.